**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:**
**г-н Оливер Спасовски, овластен подносител на листа на кандидатот за претседател на Р.М, Стево Пендаровски предложен од 38 пратеници**

**УПП Бр.03-100**
**УПП Бр.03-102**
**УПП Бр.03-103**
**УПП Бр.03-104**
**УПП Бр.03-105**
**УПП Бр.03-106**
**УПП Бр.03-107**
**УПП Бр.03-109**
**Скопје 15.04.2014г.**

**Предмет: Одговор** на претставки, заверени со:
УПП бр. 03-100 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-504/1 од 11.04.2014),
УПП бр. 03-102 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-508/1 од 11.04.2014),
УПП бр. 03-103 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-510/1 од 11.04.2014),
УПП бр. 03-104 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-512/1 од 11.04.2014),
УПП бр. 03-105 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-514/1 од 11.04.2014),
УПП бр. 03-106 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-516/1 од 11.04.2014),
УПП бр. 03-107 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-518/1 од 11.04.2014),
УПП бр. 03-109 од 11.04.2014 година, (Ваш бр.03-522/1 од 11.04.2014),

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бул. ВМРО бр.3**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

Почитувани,

Во врска со Вашите Претставки и барања, доставени до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на ден 11-ти април 2014 година, за покренување прекршочна постапка, заради прекршување на член 77 од Изборниот законик од страна на одредени веб портали, а евидентирани во Уписникот за претставки и предлози на Агенцијата, со горе наведените УПП броеви, согласно Заклучокот бр. 02-2281/3 од 15.04.2014 година, донесен на 24-та седница одржана на 15.04.2014 година, Ве известуваме за следното:

**Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 76-в став 1 и 2 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на Република Македонија" бр.32/2014), **е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија** од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, **и по утврдување на прекршувањето Агенцијата е должна** во рок од **три дена да покрене прекршочна постапка** пред надлежниот суд **против радиодифузерот** кој ги повредил одредбите од Изборниот законик.

Во смисла на наведеното, и казнената одредба содржана во член 183-а од Изборниот законик, на која се повикувате во вашите претставки, се однесува за прекршок сторен од страна на радиодифузер (и печатен медиум).

Имајќи го предвид наведеното законско решение, **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е надлежна односно нема законска обврска да го следи изборното медиумско претставување на веб порталите во Република Македонија**.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**